**Известување за концентрација со која ЕННА Повер друштво со ограничена одговорност за услуги, Вуковар, Хрватска ќе стекне контрола над Лумен Алпха д.о.о. друштво со ограничена одговорност за услуги, Загреб, Хрватска (предмет бр. 08-101/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 12.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **ЕННА Повер друштво со ограничена одговорност за услуги (ENNA Power d.o.o.)**, со регистрирано седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, ќе стекне самостојна контрола над друштвото **Лумен Алпха д.о.о. друштво со ограничена одговорност за услуги (Lumen Alpha)**, со регистрирано седиште на адреса Драгутин Голик 89, Загреб, Хрватска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЕННА Повер д.о.о.** е друштво кое е основано и постои согласно законите на Република Хрватска и се занимава со развој на проекти за батериски системи за складирање на електрична енергија во Хрватска и Европа. Батериските системи за складирање на електрична енергија овозможуваат складирање на енергија и нејзина флексибилна испорака согласно побарувачката.

**ЕННА Повер д.о.о.** е водечки инвеститор и еден од најбрзо растечките инвестициски групи во Хрватска, која е посветена на овозможување на иновативни решенија кои поттикнуваат зелена трансформација и создаваат трајна вредност за партнерите и заедницата, како во енергетскиот сектор, така и во секторот на транспорт, односно логистика.

**ЕННА Повер д.о.о.** е во 100% сопственост на ЕНЕРГИЈА НАТУРАЛИС д.о.о. за вложување и управување (ENERGIJA NATURALIS d.o.o. za ulaganje i upravljanje), кое е во сопственост на друштвото СУСТЕЈНАБЛ СОЛУШНС ХОЛДИНГ АГ (SUSTAINABLE SOLUTIONS HOLDING AG), чијшто сопственик пак е физичкото лице ПВ. ПВ е краен сопственик и на ФОРТЕНОВА групата, која е присутна на пазарот во Република Северна Македонија преку Друштвото за производство, трговија и услуги МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со ЕМБС 5938848 и седиште на ул. Огњан Прица бр. 1/3-28 мезанин, Скопје – Кисела Вода, со регистрирана приоритетна дејност: Трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна пијалаци и тутун. Наведеното друштво не е комерцијално активно и е во постапка за ликвидација. ЕННА групата и ФОРТЕНОВА групата заедно назначени како "ПВ група". ПВ групата има приходи во Република Северна Македонија преку продажба на прехранбени производи како што се масла за јадење, маргарин, мајонези, минерални води и сокови, преливи и сирупи, и сувомесни производи.

**Лумен Алпха д.о.о.** е друштво кое е основано и постои согласно законите на Република Хрватска. Истото е носител на два проекти за батериски системи за складирање на електрична енергија (BESS), и тоа: (1) BESS Buzet 1, со моќност од 9,99 MW и капацитет од 20 MWh и (2) BESS Buzet 2, со моќност од 9,99 MW и капацитет од 20 MWh.

**Лумен Алпха д.о.о.** нема присуство во Република Северна Македонија и не остварува приходи на територијата на Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар на складирање на електрична енергија во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

18.06.2026 година
Скопје